| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Расцветана градина |
| **Содржина на денот** | Дрвото во пролет |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на навики за здрава и чиста животна средина. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор по слика или пак ако сте во можност со кратка прошетка во блиската околина.<br><br>Водете разговор за пролетта, нејзините карактеристики, за промените кои настануваат во овој период од годината (сонцето посилно свети и не грее, се будат првите цвеќиња, тревата зеленее, птиците се враќаат од топлите краеви, се е убаво, шарено и цветно, цутат дрвјата итн.).<br><br>Во текот на прошетката набљудувајте ја природата, насочете го вниманието на детето на некое овошно расцветано дрво. Водете разговор со детето за промените кои настануваат на дрвото во пролет, именувајте го дрвото, опишувајте го ( гранки, стебло, цветови – боја, мирис на цветовите и сл. ).<br><br>Потоа предложете му на детето доколку има интерес да изработите заедно „Расцветано дрво“, за кое ќе Ви биде потребно лист од блок со исцртано дрво, пуканки и лепило. На гранките лепете ги пуканките со лепило и на крајот ќе добиете прекрасна изработка на пролетно расцветано дрво. |